ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 04-1087/1
09. 12. 20 21 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 37-и став 4 од Законот за јавните претпријатија, член 42 став 1 точка 2 од Статутот на ЈП за ПУП Прилеп, како и Записникот од Комисијата за селекција за вработување бр.04-982/1 од 04.11.2021 година, ВД Директорот на ЈП за ПУП Прилеп, донесе:

О Д Л У К А
за поништување на јавен оглас бр.1/2021

1.Се поништува јавниот оглас бр.1/2021 со арх. бр. 03-625/1 од 03.08.2021 година на ЈП за ПУП Прилеп, објавен на ден 04.08.2021 година во дневните весници „Вечер'', „Слободен печат'' и „Коха'' и интернет страницата на јавното претпријатие, за вработување на неопределено работно време во ЈП за ПУП Прилеп и тоа: двајца извршители на работно место Проектант од областа на градежништвото, еден извршител на работно место Работоводител на возен парк, осум извршители на работно место Возач на автобус (јавен градски превоз, еден извршител на работно место Диспечер и шест извршители на работно место Паркинг оператор, поради тоа што не е испочитуван законскиот рок за пријавување на јавен оглас во постапка за вработување на давател на јавна услуга од членот 37-и од Законот за јавните претпријатија.

2. Одлуката за поништување на јавниот оглас да се објави на огласна табла и интернет страницата на јавното претпријатие.

За поништувањето на огласот од точка 1 на оваа одлука да се известат сите пријавени кандидати.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 04.08.2021 година, јавното претпријатие има објавено јавен оглас бр.1/2021 со арх. бр. 03-625/1 од 03.08.2021 година во дневните весници „Вечер'', „Слободен печат'' и „Коха'' и интернет страницата на јавното претпријатие, за вработување на неопределено работно време во ЈП за ПУП Прилеп и тоа: двајца извршители на работно место Проектант од областа на градежништвото, еден извршител на работно место Работоводител на возен парк, осум извршители на работно место Возач на автобус (јавен градски превоз, еден извршител на работно место Диспечер и шест извршители на работно место Паркинг оператор.

Комисијата за селекција за вработување на состанокот одржан на ден 04.11.2021 год., пред отпочнување со спроведување на селекцијата и бодирање во постапката за вработување по јавниот оглас бр.1/2021 објавен на 04.08.2021 год., со увид во огласот констатира дека рокот од 5 (пет) дена даден во јавниот оглас не е во согласност со член 37-и од Законот за јавните претпријатија каде стои дека рокот за пријавување на јавен оглас НЕ МОЖЕ да биде пократок од 15 дена односно подолг од 20 дена, па записнички даде предлог до директорот на ЈП за ПУП Прилеп за поништување на јавниот оглас бр.1/2021 год.

Врз основа на горе наведеното, одлучено е како во диспозитивот на оваа одлука.

ЈП за ПУП Прилеп
ВД Директор
Зоран Јовески

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ 1 Прилеп